


***Јован Ване Петров*** Состојбата е таква каква што е, наместо да се занимаваме со реалниот проблем во државава ние по кој знае кој пат мораме да се занимаваме самите со себе. И овој пат можеби е добро, не во смисол што треба да се занимаваме и непотребно да се троши енергија и време, напротив, овој пат конечно сите фекалии ќе испливаат на површина и конечно партијата ќе замириса на убаво.

Вонреден конгрес иницира една група на поранешни партиски функципнери,профитери.

Иницираат конгрес оние кои што изгубија катастрофално во своите општини а вината на друг ја префрлаат.

Иницијаторите се поддржани од тајкунот, печалбарот, профитерот кој на времето се колнеше дека во политиката му е битно да влезе само заради едно,да го открие убиецпт на својот татко, првиот министер на МВР Јордан,но налет.

Во оптек се многу пари,многу криминал кој единствено може да биде сокриен ако во

клучниот момент дали оваа хунташка влада ќе падне или не да се појават и да створат немир со кој ке се обидат да дефокусираат. Немирот бргу ќе се смири,и спокојот исто така, а со тоа и целата енергија ќе биде насочена кон вистинскиот проблем,кон сдс!!

Можеби некој на време ќе свати дека покрај сувото гори и сировото, може и не, избор на секој поединечно е.

МК Мериот не може да стане ОК а не па конгрес да свикува, да не заборавиме дека таму се собрани оние кои го притиснаа зеленото копче и изгласаа промена на уставот со што дадоа свој допринос во промена на уставното име.

Да не се лажеме,председателот Мицкоски од првиот ден на неговиот избор се соочи со сопки, интриги и задкулисни игри токму од оние од кои очекуваше соработка и искрен пристап,ништо повеќе. Ги издржа сите напади и удари ќе го издржи и овој.Партијата ја извлече од безднатa која значеше пропаст.

Дали има грешки? Да! а кој тоа што работи не прави грешки? Дали е искрен и достапен за сите? ДА! Како ниту еден висок партиски функционер до сега.

За крај, мислев дека МК Мериот има правен тим но сум се излажал...доказот е под текстот!

Да живее ВМРО-ДПМНЕ!!!

Силата е во единството!!!

Никогаш северна само
#МАКЕДОНИЈА

vmro-dpmne.org.mk

Член 31

Вонреден конгрес се свикува во случаите на:

- гласање на доверба на претседателот на партијата;
- предвремен престанок на мандатот на претседателот на партијата;
- промена на целите и задачите на партијата;

Барање за одржување на вонреден конгрес можат да поднесат претседателот на партијата или најмалку една половина (1/2) од вкупниот број членови на Централниот комитет.

Во рок од пет (5) дена од поднесување на барањето од ставот 2 на овој член се свикува седница на Централниот комитет, која се одржува најдоцна петнаесет (15) дена од поднесувањето на барањето.

Одлука за одржување на вонреден конгрес се донесува со најмалку две третини (2/3) од вкупниот број членови на Централниот комитет.

По донесувањето на одлуката на Централниот комитет за одржување на вонреден конгрес, тој се одржува најдоцна во рок од четириесет и пет (45) дена од денот на донесување на одлуката од ставот 4 на овој член.

Во случај да не се изгласа потреба од одржување на вонреден конгрес, барање за поведување на нова постапка за негово одржување не може да се иницира во рок од најмалку шест (6) месеци, освен во случаите од алинеите 2 и 3 од ставот 1 на овој член.

Доколку се изгласа недоверба на претседателот на партијата, на истиот конгрес се врши избор на нов претседател, во согласност со членот 34 од овој статут.